

Георги Топалов (1893 – 16. V 1944) е македонски революционер од Пиринскиот дел на Македонија. Во 1923 година учествувал во Септемврискoто востание. Потоа емигрирал во Советскиот Сојуз и од таму се вратил во 1937 година. Во партизанското движење на отпорот во Пиринскиот дел на Македонија се вклучил во 1943 година заедно со синовите Димитар и Иван и неговата ќерка Надежда – најмладата партизанка. Тој бил политички водач во партизанскиот одред „Никола Парапунов“ и заменик политички комесар на Четвртата Горноџумајска востаничка оперативна зона.

Георги Топалов е роден во 1893 година во разлошкото село Горно Драглишта во сиромашно семејство. По смртта на неговиот татко работел како селски наемен работник за да преживее.

Во текот на Првата балканска војна 1912 - 1913 година. Г. Топалов учествувал како доброволец на Македонско-одринското ополчение. Тој бил ранет и се наоѓал на лекување во болницата во Едрене, која била окупирана од бугарската војска. При заземањето на Едрене од Турците за време на Втората блаканска војна, ранетиот Топалов бил заробен и испратен во логор во Мала Азија. Подоцна бил ослободен.

Г. Топалов учествувал и во Првата светска војна. На фронтот се зближил со Костадин Патоков, еден од првите комунисти во Разлошко, што ќе влијае на неговата иднина..

Во 1919 година Топалов влегол во БКП и е основач на организацијата на партијата во Горно Драглишта. Учествувал во Септемврискoто востание во 1923 година, организирајќи група за помош на востаниците во Разлог. По востанието бил земен како заложник од војводата на ВМРО Алеко Василев.

Георги Топалов бил ослободен во 1925 година и емигрирал во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, а оттаму во СССР. Завршил четиригодишно партиско училиште во Москва и работел во фабриката Лихачев, каде долги години бил секретар на партијата.

Во 1937 година, Г. Топалов бил испратен од Задграничното биро на ЦК на БКП во Бугарија. Тој се насели во Горно Драглишта. Меѓутоа, по десет дена, властите го интернирале во Смолјан, каде што престојувал 10 месеци. Потоа се вратил во Горно Драглишта и работел во шумската задруга. Пред Втората светска војна, во 1940 година повторно бил уапсен и мачен.

За време на Втората светска војна, во зимата 1941 година, Г. Топалов станал јатак на Разлошкиот партизански одред. Во движењето на отпорот се вклучил на 4 јули 1943 година заедно со синовите Димитар и Иван и неговата ќерка Надежда – најмладата партизанка. Тој е политички водач во Партизанскиот одред „Никола Парапунов“ и заменик политички комесар на Четвртата Горноџумајска востаничка оперативна зона.

Георги Топалов познат како Дедо Георги загинал во битка со жандарми во областа Равен кај Белица на 16 мај 1944 година.

(извор: М.Е. II, Skopje 2009 г.)



Подготвил: Т.К.